# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ
## За период јануари - септември 2021 година

АЛКАЛОИД АД Скопје, во периодот јануари-септември 2021 година оствари позитивни финансиски резултати, искажани во неревидираните единечен и консолидиран биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2021 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот јануари-септември 2021 година изнесуваат 7.480.984 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2020 година бележат раст од 4%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 96%, имаат приходите остварени со продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2020 година бележат раст од 4%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот јануари-септември 2021 година изнесуваат 9.686.021 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2020 година бележат раст од 5%. Во структурата на вкупните приходи, најголемо учество, 98%, имаат приходите остварени со продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2020 година бележат раст од 6%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот јануари-септември 2021 година изнесуваат 6.397.068 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2020 година бележат раст од 2%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот јануари-септември 2021 година изнесуваат 8.552.131 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2020 година бележат раст од 4%.

**Дивиденда**

На 5 април 2021 година, на Годишното собрание на акционерите, е одобрена пресметка и исплата на бруто-дивиденда за 2020 година, во износ од 572.541 илјади денари, односно 360 денари нето за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот јануари-септември 2021 година изнесуваат 850.640 илјади денари.

**Обврски по основа на кредити**

Вкупните консолидирани обврски по основа на кредити на 30.09.2021 година изнесуваат 1.643.865 илјади денари.

**Вработени**

Во периодот јануари-септември 2021 година во „Алкалоид“ се реализирани 178 нови вработувања во Р.С.Македонија. Со одлука на Управниот одбор на „Алкалоид“ АД Скопје, во март 2021 година е одобрен и исплатен регрес за користење годишен одмор за вработените во компанијата во висина од 100 % од просечната исплатена нето-плата од работник во претходните три месеци во Р.С.Македонија. Исплатениот надомест од вработен е во износ од 31.167 денари бруто, односно 28.050 денари нето. Групацијата „Алкалоид“ брои 2.511 вработени, од кои 1.933 се во базата во Скопје, а 578 се вработени во подружниците во странство.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот јануари-септември 2021 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

**(Во 000 Ден)**

| | **2021** | | **2020** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **21/20** |
| Домашен пазар | 2.383.658 | 33 | 2.215.221 | 32 | 108 |
| Странски пазар | 4.782.233 | 67 | 4.684.979 | 68 | 102 |
| **Вкупно:** | **7.165.891** | **100** | **6.900.200** | **100** | **104** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

**(Во 000 Ден)**

| | **2021** | | **2020** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **21/20** |
| **Домашен пазар** | **3.339.917** | **35** | **3.139.042** | **35** | **106** |
| Југоисточна Европа | 3.138.205 | 33 | 2.987.944 | 33 | 105 |
| Русија и други земји во ЗНД | 1.067.210 | 11 | 714.263 | 8 | 149 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 1.821.927 | 19 | 1.839.272 | 21 | 99 |
| Други земји (САД, Турција и др.) | 82.029 | 1 | 248.579 | 3 | 33 |
| **Вкупно странски пазари** | **6.109.371** | **65** | **5.790.058** | **65** | **106** |
| **Вкупно:** | **9.449.288** | **100** | **8.929.100** | **100** | **106** |

Од вкупните консолидирани продажби, 65% се остварени на странските пазари. Најголем пораст кај извозните пазари бележат продажбите остварени во Германија (раст од 123 %), Полска (раст од 92 %), Русија (раст од 52 %), Украина (раст од 47 %), Унгарија (раст од 42 %), Бугарија (раст од 26 %), Чешка (раст од 25 %) итн. За првпат во сегментот фармација се реализираа продажби во Австрија, Португалија и на Кипар, а во сегментот козметика се реализираше првата поголема продажба на колекцијата Becutan во Саудиска Арабија.

**(Во 000 Ден)**

| | **2021** | | **2020** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **21/20** |
| Антибиотици | 1.785.129 | 19 | 1.203.756 | 13 | 148 |
| ОТЦ препарати | 1.926.797 | 20 | 2.007.122 | 22 | 96 |
| Кардиолошки препарати | 1.349.295 | 14 | 1.344.451 | 15 | 100 |
| Невролошки препарати | 1.277.504 | 14 | 1.232.491 | 14 | 104 |
| Останати линии | 828.172 | 9 | 822.765 | 9 | 101 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **7.166.897** | **76** | **6.610.585** | **74** | **108** |
| Трговска стока | 1.030.634 | 11 | 981.521 | 11 | 105 |
| Услуги и останати приходи | 56.617 | 1 | 41.782 | 0 | 136 |
| **Вкупно Фармација** | **8.254.148** | **87** | **7.633.888** | **85** | **108** |
| **Вкупно Хемија** | **258.577** | **3** | **229.210** | **3** | **113** |
| **Вкупно Козметика** | **764.547** | **8** | **738.566** | **8** | **104** |
| **Вкупно Билкарство** | **172.016** | **2** | **327.436** | **4** | **53** |
| **Вкупно:** | **9.449.288** | **100** | **8.929.100** | **100** | **106** |

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

**(Во 000 Ден)**

| | **2021** | | **2020** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **21/20** |
| Единечна ЕБИТДА | 1.687.034 | 24 | 1.474.095 | 21 | 114 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 1.766.595 | 19 | 1.547.990 | 17 | 114 |

**Нето добивка**

**(Во 000 Ден)**

| | **2021** | | **2020** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **21/20** |
| Единечна Нето добивка | 978.480 | 14 | 846.141 | 12 | 116 |
| Консолидирана Нето добивка | 989.202 | 10 | 847.483 | 9 | 117 |

Остварената единечна нето-добивка во 2021 година изнесува 978.480 илјади денари и во споредба со остварената во 2020 година бележи зголемување за 16%.

Остварената консолидирана нето-добивка во 2021 година изнесува 989.202 илјади денари и во споредба со остварената во 2020 година бележи зголемување за 17%.

**Бизнис-план за 2021 година**

Бизнис-планот за 2021 година, донесен со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, на Седницата одржана на 29.12.2020 година, предвидува инвестирање на околу 12% од консолидираните приходи од продажбите во материјални и во нематеријални средства, раст од 7% на консолидираните продажби во однос на 2020 година, како и раст од 7% на консолидираниот профит пред оданочување во однос на 2020 година.

Бизнис-планот за 2021 година е базиран на очекувањата, проекциите и на можностите на тековните и на новите пазари и производи, достапни за компанијата во моментот на изготвување на планот. Околностите и настаните во 2021 година, а со тоа и остварените резултати, може да варираат од прикажаните во Бизнис-планот.

**Очекувања за претстојниот период**

Во изминатиот период друштвото се соочи со голем број интерни и екстерни предизвици и новонастанати ризици, генерирани од пандемијата на КОВИД-19. Презедовме голем број мерки во досегашниот период, со цел неутрализирање на сите негативни ефекти, без притоа да се загрози здравјето на вработените и успешното работење на друштвото. Во претстојниот период, врвен приоритет и понатаму останува грижата за здравјето на вработените, како и одржувањето на тековната ликвидност, на финансиската стабилност и остварување на планските цели.